Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за достапност на документ и јавна расправа
## План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)

## за под-проектот

## „Енергетска ефикасност за улично осветлување за општина Лозово“, Општина Лозово

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, Општина Лозово аплицираше со под-проект за *„Енергетска ефикасност за улично осветлување за општина Лозово“.*

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беше подготвен документ “План за намалување на влоијанијата врз животната средина и социјалните работи” во кој се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните работи кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектот. Овој документ е поставен за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Општина Лозово: Почетна (opstinalozovo.gov.mk) на 25.05.2023 година.

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документот на веб страна, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

http://opstinalozovo.gov.mk/index.php/objavi

Во текот на периодот наменет за јавни консултации за ПУЖССР, ќе се одржи и јавна расправа за документот, на **26.05.2023 (петок) со почеток во 13.30 часот во просториите на општина Лозово,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на Градоначалникот на општина Лозово - 10 минути
2. Краток осврт на проектните активности од страна на претставник од Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (Катарина Георгиевска, Консултант за животна средина) – 10 минути
3. Краток осврт на документ “План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот” (Катарина Георгиевска, Консултант за животна средина) – 20 минути
4. Дискусија.

Датум на објава: 25.05.2023

**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**